# Културниот геноцид во Егејска Македонија

Со признавање на името, Атина ќе мора да го признае и културниот геноцид над Македонците во Грција.



Американскиот правник Рафаел Лемкин го дефинира терминот геноцид како физичко уништување на еден народ. Како пример за тоа најчесто се наведува истребувањето на Евреите за време на Втората светска војна. Веќе во 1944 година Лемкин кон терминот геноцид го додаде и терминот културен геноцид (cultural genocide) – еден народ може да биде и постепено истребен со уништување на неговата култура. Крајните ефекти од едно такво уништување се всушност истите како и кај физичкиот геноцид.

Под терминот кулурен геноцид се подразбира следното:

1.секоја акција која води кон уништување на културните вредности на еден народ и неговиот етнички идентитет;

2. секоја акција која има за цел одземање на земјата и изворите на еден народ;

3. секоја форма на размена на население или преселба на еден народ;

4. секоја форма на присилна асимилација преку законодавни, административни или други мерки;

5. секој вид пропаганда против еден народ.

Годинава е 105 годишнината од приспојувањето на Егејска Македонија кон Грција - период во кој Грција непречено го има спроведувано културниот геноцид спрема македонското малцинство.

Средствата што грчките власти за овие 105 години ги применува се следните: забрана на употреба на мајчиниот јазик, забрана да се пеат македонски песни, искоренување на сите натписи на славјански јазик во црквите и на надгробните плочи, промена на сите лични и фамилјарни имиња во грчки, преименување на имињата на села, градови, реки и планини, ограничување на вработување во админстрацијата и отпуштање од работа на активисти кои работат за правата на македонското малцинство.

Други средства што се користат се преселување на Македонци на грчките острови, размена на населението со Бугарија кога најмалку 120.000 Македонци мораа да ги напуштат своите огништа, а 650.000 понтички Грци истовремено беа населени во Егејска Македонија како и перманентното протерување на Македонците по Граѓанската војна во 1949 година...

За спроведување на сите овие мерки на културен геноцид грчките власти ги усвоија и следните закони: Закон 332, 1926 година за промена на името на топонимите; Закон 2.366, 1938 година со кој се забранува македонскиот јазик; Закон 2.536 (1953) за колонизација со Грци на северните погранични места; закони 3.958 (1959), 1.108 (1972) 660 (1977) со кои се ограничуваат можностите на протераните Македонци да се вратат во Грција и на истите да им се вратат имотите.

Тука треба да се спомене и предлог законот од 1946 година за крајното решение на македонското прашање преку протерување на сите Македонци. Законот не беше усвоен.

Се поставува прашањето дали интернационалните органи или големите држави знаеја и знаат што се случува во северна Грција. Единствениот пат кога светската јавност реагираше беше во 1925 година кога Друштвото на народите во Женева донесе одлука Грција да престане со културниот геноцид и да ја подобри ситуацијата на македонското малцинство. Грција ја прифати женевската одлука и во тој момент дури и го отпечати познатиот Абецедар за потребите во училиштата. Но, од ветените реформи ништо не беше исполнето, настава на македонски јазик никојпат не се одржа.

Во почетокот на 90-те години одминатиот век кога повторно можеше да се покрене дискусија за македонското прашање во печат излегоа два извештаи „The Slav-Macedonians in Greece" од данскиот Хелсиншки Комитет (1993) и „The Macedonians in Greece, denying ethnic identity", Human Rights Watch, New York ( 1994). И двата извештаи го потврдуваат постоењето на македонското малцинство и дискриминацијата кон тоа малцинство од страна на грчките власти.

Благодарејќи на тој вид на извештаи, а најважно на работата на македонските активисти во Грција, Европскиот Суд пресуди во корист на македонското малцинство за нивното право на отварање на Македонски културен дом. Но, грчките власти тотално ја игнорираат пресудата. Очигледно е дека тие и понатаму ќе ја игнорираат – отворањето на Македонски кулурен дом воедно ќе значи признавање на македонскиот народ и потврда за досегашнато уништување на нивната култура.